Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" -СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 16-03-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 630 | 1 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-174/2
23.02. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 4. седница одржана на 14.01.2016 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој" (Energy eficiency, environment and sustainable development), втор циклус едногодишни студии на Факултет за електротехника и информациски системи, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој" (Energy eficiency, environment and sustainable development), втор циклус едногодишни студии на Факултет за електротехника и информациски системи, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој,** Научно - истражувачко подрачје: Техничко технолошки науки, научно - истражувачко поле: 202 Електротехника, 203 Електромашинство, 205 Енергетика, 225 Животна средина, научно - истражувачка област: 20206 Електромагнетика, 20306 Користење на електрична енергија, 20505 Неконвеционални избори извори на енергија и технологии 20506 Рационално користење на енергија, 22504 индустрија, 22505 Енергија.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за електротехника и информациски системи Скопје за организирање втор циклус едногодишна студиска програма „ Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој“ (Energy eficiency, environment and sustainable development), на 14.10.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 3. седница одржана на 12.01.2016 година, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 4. седница одржана на 14.01.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков